Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-292/4
22-05-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-292/1 од 07.04.2023 година, поднесена од [redacted] од Велес за извршена дискриминација од страна на Министерство за внатрешни работи – Сектор за внатрешни работи Велес, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), на 22.05.2023 години, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–292/1 од 07.04.2023 година, поднесена од лицето Орце Коцевски од Велес, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 07.04.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Велес, со адреса на живеење на [redacted] во Велес, против Министерство за внатрешни работи – Сектор за внатрешни работи Велес.

Во поднесената претставка, лицето [redacted] наведува дека на ден 24.01.2023 година откако претходно како Претседател на Синдикат на Полиција на Македонија бил повикан во канцеларијата на помошник началникот на СВР Велес, [redacted] во присуство на началникот на СВР Велес [redacted], началникот на [redacted] Велес, [redacted] и началникот на [redacted] му била предочена Наредба за претрес издадена од судија на претходна постапка бр. К-ПП 7 /23 од 23.01.2023 година за наводно сторено кривично дело "Злоупотреба на лични податоци" и притоа даден му е еден примерок од Наредбата во оригинал. Кажано е дека целта на претресот е да се пронајдат пристапници за членови на Синдикатот на Полицијата на Македонија за СВР Велес. По ова, именуваниот во присуство на две овластени службени лица од СВР Велес во домот на негвата мајка предал пристапници на овластено службено лице, по што во СВР-Велес од страна на инспектор за економски криминал во оригинал, издадена му е потврда за привремено одземени предмети со печат, но ниту еден од неговите примероци кои му биле дадени не биле заведени со деловоден број. Подносителот на претставката понатаму се жали дека од страна на овластените службени лица при СВР Велес е постапено спротивно на членовите 89, 191, 192 и 193 од Законот за кривичната постапка, при што истиот наведува дека бара од Комисијата во рамки на своите овластувања да констатира постапување спротивно на Законот за кривичната постака, посебно во делот на

неизготвување на записник за претрес, недавање на право на бранител и слично. Се наведува воедно и дека од страна на ОВККИПС е постапено спротивно на член 115 и 196 од Законот за внатрешни работи. Истакнува дека врз основа на Извештај број 14.2.2-567/2 од 05.03.2023 година на ОВККИПС и иницијатива на истиот Оддел, против него поднесен е предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност заради основано сомнение за сторена повреда согласно член 210 став (1) точки 10 и 20 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, што резултира со решение за отстранување од работа на именуваниот [redacted] заведено под број 22.6.1.1-28895/1 од 14.03.2023 година.

По ова, Комисијата се обрати со Барање за произнесување по наводи во претставка до Министерството за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи-Велес, од каде на 27.04.2023 година е испратен Допис, примен во Комисијата на 05.05.2023 година, во кој се наведува дека: На ден 23.01.2023 година по добивање на Наредба К-ПП-7/23 издадена од судија на претходна постапка при Основен суд Велес, на лицето [redacted], поради фактот што е вработен во СВР Велес, пред отпочнување на претресот, во канцеларијата на помошникот началник на СВР Велес а во присуство на неговиот надреден [redacted] му била презентирана наведената Наредба и му било понудено право на адвокат при што се изјаснил дека доброволно ќе ги предаде пристапниците, но истите не се наоѓаат во седиштето на синдикатот ( кое е наведено- “сосема случајно” се поклопува со неговата домашна адреса), туку на друга адреса која во тој момент не ја кажал. По предавањето на пристапниците од страна на лицето Орце Коцевски, во присуство на овластени службени лица на СВР Велес, од страна на лице вработено во СВР Велес издадена му е потврда, но наместо да биде редниот број наведен во насловот на потврдата, бројот е наведен во делот каде што пишува дека настанот е заведен во книгата за дневни настани под број 19 што впрочем е бројот со кој е заведена потврдата. Се наведува дека сите одземени предмети се заведени во книга за дневни настани и во електронски билтен на СВР Велес. Во произнесувањето СВР Велес наведува дека претставката ја толкува како обид подносителот да се спаси од кривична одговорност затоа што со одземањето на пристапниците кои се предадени во Основно јавно обвинителство Велес заедно со кривичната пријава не му е повредено ниту едно право од работен однос, како нему така и на членовите на синдикатот на кој е претседател. За наводите дека е мета на дискриминација со тоа што е отстранет од работното место до донесување на решение во дисциплинска постапка која е иницирана по Извештај на ОВККИПС а по предлог на началник на СВР Велес, од страна на Директорот на Бирото за јавна безбедност е донесено решение бр. 22.6.1.1-28895/1 со кое лицето [redacted] е отстрането од работното место согласно член 83 од Законот за работните односи и член 214 став (1) алинеи 2 и 4 од Колективниот договор на МВР и член 194 став (1) алинеја 2 и став (2) од истиот член од Законот за внатрешни работи каде е наведено дека работникот се отстранува од работното место кога е поднесена кривична пријава за кривично дело сторено на работа или во врска со работата. Роковите на кои се повикува лицето [redacted] се наведува во одговорот, важат за сторен дисциплински прекршок во работата, а не за кривично дело


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

кое е сторено во врска со работата и за кое има поднесено кривична пријава која е прифатена од Основно јавно обвинителство Велес и во моментот се води истрага за наводите во кривичната пријава.

Врз основа на сето изнесено, Комисијата најде дека постапувањето по предметната претставка не е во рамки на нејзините законски утврдени надлежности, опфатени со член 21 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ова од причина што се работи за наводи кои се однесуваат на сознанија за дејствија во областа на кривично-правната материја, па следствено на тоа се подразбира и соодветна примена на одредбите од Законот за кривична постапка, од аспект на надлежност за постапување и од аспект на донесување на одлуки.

Заради горното, а земени предвид надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кои се јасно утврдени и таксативно наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација, се одлучи како што е наведено во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
22.05.2023година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Член на Комисијата
Димко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи,
  Сектор за внатрешни работи-Велес
- Архива